АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

Врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (сл. весник бр.38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06, 84/07, 123/12 и 25/15) и Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за приватизација имаат акции, односно удели (сл.весник бр.49/97 и 6/02) и Одлуката за издавање под закуп на деловни средства недвижен имот бр. 13-53/2 од 07.04.2023 година донесена од Комисијата на Владата на Република Северна Македонија за приватизација, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје со седиште на ул.,,Орце Николов,, бр. 138 Скопје, објавува :

**ЈАВЕН ПОВИК за прибирање на понуди**
**за издавање на деловен простор под закуп бр.5/2023-Т**

| РЕД.БР. | ОПШТИНА | ИЛ / КП | АДРЕСА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР/МЕСТО ВИКАНО | Број на зграда | Кат | ПОВРШИНА м² | ПОЧЕТНА ЦЕНА НА МЕСЕЧНА ЗАКУПНИНА БЕЗ ДДВ/ ЕУР. | БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДА /ЕУР. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Свети Николе | 13660/ 10032/1 | Плоштад Илинден 21 | 1 | 1 | 53/65 идеален дел од вкупно 65м2 | 74,83 | 1.497,00 |
| 2 | Свети Николе | 11356/ 10032/1 | Плоштад Илинден 21 | 1 | 2 | 15 | 27,50 | 550,00 |
| 3 | Свети Николе | 11356/ 10032/1 | Плоштад Илинден 21 | 1 | 3 | 46 | 63,59 | 1.272,00 |
| 4 | Свети Николе | 11356/ 10032/1 | Плоштад Илинден 21 | 1 | 4 | 65 | 93,18 | 1.864,00 |

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Деловните простории со кој што стопанисува Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и тоа: канцеларии на Кат 1 (С5, С6,С3 и WC) Канцеларии на Кат 2 (С12 и WC), Канцеларии на Кат 3 (С16, С22, С23 и WC), Канцеларии на 4 Кат ( С1, Сала, остава) се наоѓаат на адреса ,,Плоштад Илинден" бр.21 во Свети Николе заведени во ИЛ 13660 и 11356, КП 10032/1, КО Свети Николе, може да бидат издадени под закуп на домашни и странски физички и правни лица заради обавување на стопанска дејност под услови пропишани со Закон на определено време од 5 (пет) години, со можност за продолжување.

Деловните простории се издават во видена состојба.

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

Предмет на понуда е цената на месечна закупнина за секој кат поединечно и одделно.

За странски правни и физички лица закупнината се определува и плаќа во евра, а за домашни правни и физички лица закупнината се определува во евра, а се плаќа во денарска против вредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќањето.

Закупнината во договорот за закуп се изразува во нето износ без ДДВ. Данокот на додадена вредност се изразува посебно во фактурата.

Закупецот е должен закупнината да ја плаќа однапред, најдоцна до 5-тиот ден во месецот, без оглед на приемот на фактурата. За ненавремено плаќање на закупнината се пресметува законска казнена камата.

**<u>УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО</u>**

Право на учество на јавниот повик имаат домашни и странски правни и физички лица, заради обавување на стопанска дејност под услови пропишани со Закон.

Издавањето на деловниот простор под закуп се врши со јавно огласување, по пат на прибирање на затворени понуди.

Доставувањето на понудите се врши преку пошта или со доставување во архивата на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, на адреса ул.,,Орце Николов,, бр. 138, Скопје, пошт.фах 474, Република Северна Македонија.

Понудата се доставува во посебно затворен плик со останатата документација, со назнака **НЕ ОТВАРАЈ** како и назнака ПОНУДА ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП и број на огласот.

Понудата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан од одговорното лице на понудувачот и заверен. Во понудата задолжително се наведува адресата на деловниот простор предмет на закуп и катот на кој се наоѓаат канцелариите за која се однесува понудата, понудена цена на месечна закупнина, назив и седиште на правното или физичкото лице кое ја доставува понудата со контакт податоци (телефон/факс, број на мобилен телефон, e-mail).

**Кон понудата задолжително се доставува:**

1. Доказ за уплатена гаранција во висина од 10% од вредноста на објектот, односно:

   - за I Кат 1.497,00 евра,
   - за II Кат 550,00 евра,
   - за III Кат 1.272,00 евра,
   - за IV Кат 1.864,00 евра

   (10% од вкупната проценетата вредност на деловното средство) за учество на јавниот повик. Износот се уплатува на следната жиро сметка:

**- Денарска сметка**: 210-0670122101-93
Депонент банка: НЛБ Банка АД Скопје
ЕДБ: 6701221
Даночен број: 4080011521612

**-Девизна сметка**
EXPCMK22
HALKBANK AD SKOPJE
MACEDONIA
IBAN: MK07270703000002369
AD ZA IZGRADBA I STOPANISUVANJE SO STANBEN I SO DELOVEN PROSTOR OD ZNACENJE ZA REPUBLIKATA- SKOPJE
UL. ORCE NIKOLOV BR.138
1000 SKOPJE, R.N.MACEDONIA

2. Изјава заверена на **НОТАР** дека понудувачот се согласува пред склучување на Договорот за закуп да достави доказ за уплатен депозит во висина од тримесечна закупнина како гаранција за извршување на обврските по договорот за закуп

3. Доказ за идентитет:

- **за занаетчии:**
  - податоци на понудувачот
  - потврда од регистар на занаетчии
  - решение за обавување на дејност

- **за адвокати, нотари, лекари, и други вршители на дејност:**
  - податоци на понудувачот
  - потврда од соодветен регистар
  - потврда за регистрирана дејност

- **за политички партии:**
  - акт за регистрирање на политичката партија
  - ЗП Образец на овластено лице за политичките партии

- **за трговски друштва и трговец-поединец:**
  - Доказ за регистрација на правен субјект

4. Потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација.

5. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на дејност.

6. Изјава заверена на **НОТАР** дека по било кој основ нема неплатени доспеани обврски спрема Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

7. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик

8. Лична изјава на управителот/основачот/сопственикот на трговското друштво, заверена на нотар, дека тој спрема закуподавачот, се јавува како гарант на Друштвото и се обврзува спрема доверителот-закуподавачот дека ќе ја исполни полноважната и стасаната обврска на друштвото по договорот за закуп, лично и неограничено со сиот свој имот дека се обврзува во случај на стечај на друштвото или во случај кога е очигледно дека од средствата на должникот не може да се оствари побарувањето на закуподавачот за закупнината и другите надоместоци и трошоци од договорот за закуп, тој лично да ги исполни обврските на друштвото како закупец, по барање на закуподавачот, дури и ако закуподавачот пред тоа не го повикал главниот должник да ја исполни обврската.

Горенаведените документите се доставуваат во оргинал или фотокопија заверена на нотар и истите не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад.

**РОКОВИ**

Понудите за учество на јавниот повик се доставуваат во рок од 10 дена од денот на објавата, односно почнувајќи од 25.10.2023 година.

Ненавремените и некомплетните понуди Комисијата за спроведување на постапката за избор на најповолна понуда на јавниот повик за издавање на деловен простор под закуп ќе ги отфрли.

**КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА**

- Највисока понудена цена на месечна закупнина

Во случај на повеќе исти понуди на понудувачите, се бараат дополнителни понуди од понудувачите кои поднеле исти понуди.

**ПОСТАПКА**

1. Понудувачот со понудата задолжително ги доставува сите наведени документи од јавниот повик

2. Понудите по јавниот повик се доставуваат по писмен пат, со доказ за положена гаранција во износ од 10% од проценетата вредност на деловното средство.
3. Понудите се отвораат јавно од страна на комисија составена од три члена.
4. По оценувањето на понудите, комисијата изготвува мислење за рангираните понуди, врз основа на кое Директорот на Акционерското Друштво донесува одлука за избор на најповолна понуда.
5. Против одлуката за избор на најповолна понуда незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави жалба до Одборот на Директори на Акционерското Друштво, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.
6. Одлуката на Одборот на Директори по жалбата е конечна.
7. Договорот за издавање под закуп го склучува Директорот на Акционерското Друштво
8. Понудувачот кој е избран за најповолен е должен:

- во рок од 30 дена по извесувањето за конечноста на Одлуката за издавање на деловен простор под закуп, да склучи Договор за закуп и да го завери - солемнизира на нотар на свој трошок
- пред склучување на Договорот за закуп да достави доказ за уплатен депозит во висина од тримесечна закупнина како гаранција за извршување на обврските по договорот за закуп

9. Доколку во рок од 8 дена од приемот на известувањето, најповолниот понудувач не се јави да склучи Договор за закуп, одбие да склучи договор, или не ги уплати средствата во рокот предвиден со договорот ќе се смета дека се откажал од деловниот простор, а гаранцијата во износ од 10% од проценетата вредност на деловното средство ја наплатува Акционерското Друштво
10. Во рок од 10 дена по завршување на постапката, на учесниците им се враќа депонираниот износ на име гаранција за учество на јавен повик, а депонираните средства на подносителот на приговорот му се враќаат по конечноста и во зависност од Одлуката на приговорот.
11. Објавениот оглас се смета за успешен и во случај ако на истиот биде доставена една понуда.

Подетални информации можат да се добијат во дирекцијата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на ул.,,Орце Николов,, бр.138 Скопје и на тел. +389 2 2633 907.

**Акционерско Друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје**